| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Владо Мисајловски, министер за транспорт и врски и<br><br>Ниметула Хаљими, заменик на министерот за транспорт и врски |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Божидар Петроски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и<br><br>Елена Ангеловска Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски |

# ПРЕДЛОГ – ЗАКОН
за скијалишта

Скопје, јануари 2016 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-12743/1-15
5.1.2016 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за скијалишта, што го утврди на седницата, одржана на 5.1.2016 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Владо Мисајловски, министер за транспорт и врски и Ниметула Хаљими, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Божидар Петроски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Елена Ангеловска Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: Марија Мицевска
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог - законот за скијалишта се пропишуваат условите за уредување, одржување, опремување и користење на скијалишта, правата и обврските на управувачите и корисниците на скијалиштата, обезбедување на услуги на скијалишта, обележување и поставување на сигнализација на скијалишта, користење на превозни средства на скијалишта, безбедност и ред на скијалиштата, подучување на скијалиштата, како и други прашања што се од значење за користење на скијалиштата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог - законот за скијалишта е да се надминат одредни слабости и недостатоци во областа работата и функционирањето на скијалиштата, бидејќи до сега оваа област не беше законски регулирана. Предлог законот се заснова на начелата на уставност, законитост, транспарентност, ефикасност, сигурност во управувањето и користењето на скијалиштата, безбедност и ред на скијалиштата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на законот не е потребно е да се предвидат средства потребни за спроведување на законот, ниту истиот повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА СКИЈАЛИШТА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за уредување, одржување, опремување и користење на скијалишта, правата и обврските на управувачите и корисниците на скијалиштата, обезбедување на услуги на скијалишта, обележување и поставување на сигнализација на скијалишта, користење на превозни средства на скијалишта, безбедност и ред на скијалиштата, подучување на скијалиштата, како и други прашања што се од значење за користење на скијалиштата.

### Член 2

Работите од членот 1 од овој закон се извршуваат во согласност со овој закон и други закони коишто ја уредуваат областа која што се однесува на скијалишта.

### Член 3

Определени изрази употребувани во овој закон, го имаат следното значење:

1) скијање е лизгање по снег со помош на скии или со подобни спортски реквизити за различни скијачки техники;

2) скијалиште е уреден, означен, обезбеден и под надзор скијачки простор кој е трајно наменет за скијање и други активности на снег;

3) отворена уредена ски патека е патека обработена – истапкана со машина за рамнење или на друг начин уредена, со означени површини во рамките на скијалиштето што се наменети за другите форми на скијање;

4) други скијачки површини во рамките на скијалиштето со пристапни и излезни патеки до и од скијалиштето, кои ги поврзуваат одвоените скијалишта и ски патеките во скијачкиот центар, се површини наменети за други скијачки активности или дејности на други уредени површини;

5) неорганизиран скијачки простор претставуваат површините надвор од скијалиштата, кои не се уредени, обезбедени и контролирани, кои спортскиот центар не ги уредува и одредбите од овој закон не се применуваат;

6) пропусност на ски патеката е најголем можен број скијачи кои во одреден временски интервал без пречки минуваат по ски патеката;

7) капацитет на скијалиштето е најголемиот број скијачи кои во одреден временски интервал се наоѓаат на скијалиштето, сметајќи ги скијачите на патеката, на жичарите и ски лифтовите и оние кои чекаат за транспорт на жичарите и ски лифтовите;

8) заштитни средства се заштитни перничиња, заштитни мрежи, заштитни огради и друга опрема и реквизити за заштита и безбедност на скијалиштата;

9) шеф на скијалиштето е лице кое ги извршува работите за одржување на ред и безбедност на скијалиштето;

10) услуги на скијалиште се организирани скијања и специјализирани зимски спортски активности, подучување на скијање, изнајмување и сервисирање на скијачка опрема, прифаќање и услужување на скијачите и другите корисници на скијалиштето;

11) специјализирани зимски спортски активности се санкање, боб-санкање, скокови, мото-санкање, спуштање со гуми, скијање во длабок снег, параглајдинг, скелетон и други слични зимски спортски активности;

12) скијач е физичко лице кое во рекреативни цели се занимава со скијање на скијалиште, или се наоѓа на ски патеката со цел да скија;
13) ски патека е уредена и обележана површина на скијалиште, наменета за скијање и подучување на скијање, опслужена од една или повеќе жичари;
14) ски полигон е уредена и обележана површина на скијалиште, наменета за специјализирани зимски спортски активности;
15) скијачки пат е пат направен или отворен за возење скии кој што претставува дел од ски патека, меѓусебно поврзува ски патеки или поврзува ски патеки со други објекти на скијалиштето или служи за извлекување (евакуација) на повредени скијачи;
16) заштитна зона на ски патека е простор со ширина од 1 - 5 метри (лево и десно) кој што се протега до ски патека;
17) натпреварувач е физичко лице активно вклучено во системски тренинг натпревари организирани на ски патеките во ски центарот;
18) планински ризик е ситуација која што со себе носи голем ризик за лицата на скијалиштето (опасност од лавина, одрон на камења, паѓање во провалија, затрупување со снег што виси на стрмна карпа, екстремно заледување на патека или клучен дел од патеката и слично);
19) невообичаена и неочекувана опасност на скијање е опасност, односно ризик кој што просечен скијач, при потребно внимание, не можел да предвиди дека ќе постои на видот на патеката која што ја користи, во дадените временски услови, под услов да ги почитувал правилата утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон;
20) намалена видливост постои ако поради неповолни атмосферски или други прилики скијач не може јасно да ги согледа другите лица кои се наоѓаат на скијалиштето на растојание од најмалку 15 метри и
21) скијачка несреќа е незгода на патека во која што учествувал најмалку еден скијач во движење и во која едно или повеќе лица се повредени или загинале или е предизвикана материјална штета;

Член 4

Скијалиштето може да се користи за вршење на дејности и обезбедување на услуги на скијалиште, под услови што се еднакви за сите корисници во согласност со овој закон.

На скијалиштето може да се извршуваат алпско и нордиско скијање, сноубординг, биатлон, како и подучување на скијање.

Специјализираните зимски спортски активности можат да се извршуваат само на скијачки полигони кои што мора да бидат јасно и видливо одделени од ски патеките и да бидат обележани.

Скијачкиот центар со скијалиштата и другите уредени површини наменети за скијање и специјализираните зимски спортски активности управува согласно овој закон.

Владата на Република Македонија ги утврдува скијалиштата, односно просторите погодни за уредување на скијалишта, кои што се од посебно значење за развој на зимски спортски активности и планински туризам во Република Македонија, на предлог на органот надлежен за работите на спортот.

Актот од ставот 5 од овој член содржи и проценка на оправданоста за утврдување на скијалишта, односно простори погодни за уредување на скијалишта, површини и граници, податоци за сопственоста, попис на катастарски парцели, а за подрачја со поголеми површини детален опис на границите со картографски приказ во соодветен сооднос.

Член 5

Уредувањето, опремувањето, одржувањето, користењето и управувањето со скијалиштата (во понатамошниот текст: скијалиште), како и управувањето со просторот погоден за уредување на скијалишта, во смисла на овој закон се сметаат за дејности од јавен интерес.

Дејностите од ставот 1 од овој член ги врши Скијачки центар како правно лице или трговец поединец формиран согласно Законот за трговските друштва и запишано во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 6

За одговорноста за штета предизвикана на скијалиште се применуваат општите правила за одговорност за штета согласно до Законот за облигационите односи

Правото за надомест на штета предизвикана на скијалиште не ги опфаќа штетите кои се резултат на вообичаените опасности и ризици од скијањето.

## II. УРЕДУВАЊЕ, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА СКИЈАЛИШТЕ

### 1. Уредување

Член 7

Скијалиште се состои од една или повеќе ски патеки, ски полигони, скијачки патишта, ски-лифотви, жичари, инфраструктурна мрежа и објекти, сервисни објекти на скијалиштето, снежна и сервисна механизација, сервисни патишта, сопствени енергетски објекти, пристапни патишта и паркинзи на влезот во скијалиштето иобјекти за вршење на дејности..

Член 8

Скијалиштето и пристапните патишта не може да се градат на површини кои што се, под вообичаените снежни врнежи, изложени на лавини.

Скијалиштето и ски патеките се уредуваат во зависност од намената и видот на активностите со цел скијачите и другите учесници во активностите да бидат безбедни и заштитени.

Скијалиштето мора да биде уредено да ги задоволи еколошките стандарди и заштита на животната средина и да исполнува санитарно - хигиенски услови на јавен објект.

Член 9

Ски патеките мора да бидат широки, прегледни, со соодветна падина и висинска разлика и подготвени така што на нив нема дупки, камени комплекси или други опасни места и да имаат дел за закочување.

Опасните места на скијачките патеки (кривини, вкрстувања на патеки, поголеми падини, објекти, места каде се вршат работи) мора да бидат посебно обележани и задолжително обезбедени со огради за насочување, заштитни огради или мрежи, облоги (перници или душеци) против удари и слични заштитни средства со соодветна висина.

Член 10

На ски патеките и заштитните зони на ски патеките не е дозволено поставување на реклами и натписи кои што не се поврзани со користењето на патеката и кој ја загрозуваат безбедноста на скијалиштето.

Член 11

Ски патека може да се користи за скијање само ако на неа постои соодветна количина на снег и услови за безбедно одвивање на скијањето.

Член 12

Скијачкиот центар е должен да утврди називи за секоја ски патека.

Член 13

На ски патеката е забрането полетување или слетување на воздухопловни средства, параглајдери, змаеви, моторни змаеви и слично.

Доколку во рамките на скијалиштето е уреден простор за полетување и слетување, тој простор мора јасно да биде одделен од ски патеката, со соодветна сигнализација и обезбеден од лавини, согласно со прописите за воздухопловство.

Член 14

Користењето на ски патеките и другите содржини наменети за скијачки активности во ноќни услови може да се користи само ако има инсталирано соодветна мрежа и уреди за осветлување на скијалиштето и нејзините влезни и излезни делови.

Скијачкиот центар е должен да обезбеди непрекинато осветлување и за случај на ненадеен прекин на електричната енергија.

Член 15

Во рамките на скијалиштето или во неговата непосредна близина задолжително е уредување на соодветно место за слетување на хеликоптер со цел обезбедување на давање брза помош.

Член 16

Ски патеките подготвени од вештачки снег се уредуваат со преземање на дополнителни мерки за осигурување на безбедноста на скијачите, кои што одговараат на особините на патеките со технички снег.

Член 17

Ски патеката која што е наменета за натпреварувачко скијање се уредува така што ги исполнува посебните услови (висинска разлика, должина и ширина на патеката, дебелината на снегот, заштитни мерки, подготовка на патеката, маркирање, и др.) утврдени со соодветните меѓународни (FIS) и национални спортски правила.

Натпреварувачка ски патека мора за време на користење во цели на рекреативно скијање, да биде уредена така што ги исполнува општите услови утврдени со овој законза обележување, сигнализација и преземање на мерки кои што ја осигуруваат безбедноста на скијачите.

Скијалиште кое што е во согласност со законот утврдено како спортски објект од интерес за Републиката има најмалку една ски патека уредена во согласност со спортските правила, за национални и меѓународни скијачки натпревари.

## 2. Обележување

### Член 18

Обележувањето на скијалиштата го врши Скијачкиот центар.

Ски патеките се класифицираат и обележуваат според степенот на тежина, во зависност од својствата на подрачјето, односно површините преку кои се протега патеката.

Ски патеките се обележуваат со нумерирани ознаки (стапови) со определени бои:

1) лесна патека – зелена боја;
2) средно тешка патека – сина боја;
3) тешка патека – црвена боја;
4) екстремно тешка патека – црна боја.

Скијачките патишта и патеките за мото-санки се обележуваат со жолта боја независно од степенот на тежина.

Ознаките мора да бидат поставени постојано да бидат повисоки од снегот.

Лесно пристапни и благо накосени површини коишто служат исклучиво за подучување на основните облици на возење скии не мора да се обележуваат под услов да немаат ризични места и нивните граници односно рабови да се јасно видливи.

### Член 19

Границите на скијалиштето мора да бидат обележани на клучните места со ознаки коишто се видливи во услови на нормална видливост.

Обележувањето на границите на скијалиштата се врши со стапови со портокалова боја и со известителна табла на којашто се наоѓа соодветен текст.

### Член 20

На скијалиштето мора да се поставаат соодветни панорамски табли и табли за ориентација.

## 3. Одржување

### Член 21

Скијачкиот центар е задолжен, за целото времетраење на сезоната на скијање, односно за целото времетраење на употребата на скијалиштето, да ја контролира општата состојба на скијалиштето и да го одржува во исправна состојба, односно во состојба која што овозможува наменско и безбедно користење на патеката.

Во време кога скијалиштето не е во употреба, скијачкиот центар е должен да води сметка за чувањето на скијалиштето и редовното одржување на патеките и опремата на скијалиштето.

Одржувањето на ски патеките опфаќа летно и зимско одржување.

Одржувањето на ски патеките, патеките за натпревари и специјализираните патеки се врши во зависност од природата на патеката, временските услови и зимските спортски активности кои што се случуваат на истата.

Член 22

Функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот поблиску ги пропишува минималните технички услови за уредување, обележување и одржување на скијалиштето, како и правилата за работа на скијалиштето.

4. Сигнализација

Член 23

На скијалиштето мора да биде поставена соодветна сигнализација, така што истата нема да може лесно да се отстрани и да соодветствува на реалните околности на патеката.

Член 24

Сигнализацијата се врши со поставување на соодветни знаци за забрана, обврска, предупредување и известување, дополнителни табли и светлосни сигнали.

Знаците на скијалиштето се поставуваат и одржуваат на таков начин што тие се видливи, не го попречуваат користењето на ски патеките и скијачите да можат навреме лесно да ги согледаат и благовремено да постапат во согласност со нивните значења.

Поставените знаци мора да се отстранат, дополнат или заменат доколку нивното значење не соодветствува со изменетите услови на скијалиштето или со безбедносните барања.

На скијалиштето не смеат да се поставуваат табли, светла, столбови или други слични предмети со кои се покрива или се намалува видливоста на поставените знаци или кои што со својот облик, боја, изглед или местото на поставување имитираат или наликуваат на некој знак на скијалиштето, или ги заслепуваат скијачите или го свртуваат нивното внимание во мера која што може да биде опасна за безбедноста при скијањето.

Функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот поблиску пропишува кои знаци се поставуваат на скијалиштата и на кои патеки, формата и содржината на знаците и местото на нивно поставување на скијалиштата.

5. Необезбедени патеки

Член 25

На диви ски патеки, необезбедени патеки и надвор од ски патеките, скијачите не смеат да скијаат.

Скијачки центар на скијачите на необезбедени патеки им обезбедува вообичаени информации за времето, снежните врнежи и опасностите од завејување.

Со цел да се спречи користењето на дивите ски патеки, скијачкиот центар едолжен, во рамките на скијалиштето, да постави соодветни предупредувања и знаци.

6. Превозни средства на скијалиштето

Член 26

На ски патеките освен моторните возила на Скијачкиот центар, не може да биде присутно ниту едно друго моторно возило, освен ако не е поинаку уредено со овој закон.

Моторните санки освен моторни санки на Скијачкиот центар, може да се користат само на специјализирани патеки и на површини што се посебно подготвени и обележани за користење на моторни санки.

Возач на моторни санки не смее со возилото да се движи по патеката со брзина поголема од брзината дозволена со знакот поставен за целата патека или за нејзин дел.

Член 27

Механизацијата за уредување на ски патеки се користи во време кога жичарите и ски-лифтовите не работат.

Доколку употреба на механизацијата за уредување на скијачки патеки е нужна за време на работа на жичарите и ски-лифтовите, скијачкиот центар е должен да преземе посебни мерки за обезбедување на безбедноста на скијачите.

Секое возило на механизацијата за уредување на ски патеките кое што работи на подготовката на ски патеките или се движи по скијалиштето мора да биде обоено со упадлива боја и опремено со соодветни светла.

Секое возило на механизацијата за уредување на ски патеките кое што се наоѓа сопрено на патеката мора да биде означено со соодветни светла.

Член 28

Скијачкиот центар е должен да ги предупреди скијачите на соодветен начин за можноста за одземање на ски-билетот во случај на однесување спротивно со овој закон и со правилата за работа на скијалиштето.

7. Користење и работа на скијалиштата

Член 29

Скијачкиот центар може да врши работи поврзани со користењето на скијалиштето под следните услови:

1) да го уреди и опреми скијалиштето во согласност со овој закон, така што истото ќе биде безбедно за корисниците;

2) да обезбеди служба за одржување на ред на скијалиштето и да го уреди редот на скијалиштето (правила за ред на скијалиштето);

3) да обезбеди спасувачка служба (соодветно обучена со меѓународни сертификати за спасување од жичари, лавини, потрага по изгубени скијачи и слично);

4) да обезбеди давање на итна медицинска помош на скијалиштето;

5) да обезбеди систем на врски на скијалиштето и врска со најблиската здравствена установа и министерството за внатрешни работи;

6) да обезбеди (дневно и долгорочно) следење на временската состојба во подрачјето каде што се наоѓа скијалиштето (метеоролошко бдеење);

7) да склучи договор за осигурување на скијачите и другите непосредни корисници на скијалиштата од последиците од незгода на скијалиштето и

8) да донесе план за работа за сезоната на скијање.

Член 30

Скијачкиот центар мора да осигури дека скијалиштето е опремено со:

1) соодветен број на машини и уреди за подготовка и одржување на патеки, пропорционално со бројот и големината на патеките;

2) разгласен уред со јачина што може ефикасно да се користи на скијалиштето и

3) спортска и друга опрема потребна за користење на скијалиштето.

Член 31

Скијачкиот центар е должен да се запише во евиденција на Скијачката федерација на Македонија.

Матичната евиденција од став 1 на овој член ги опфаќа сите податоци за скијачкиот центар утврдени во прописите од член 4 став 6 од овој закон. .

Член 32

Скијалиштето може да се користи и за едукација, спортско усовршување во зимски спортови од страна на правни субјекти, клубови, федерација, ски школи, органи и институции кои што ги исполнуваат условите пропишани со закон и во договор со Скијачкиот центар.

Член 33

Скијачкиот центар е должен да ја извести јавноста преку средствата за јавно информирање за почетокот и крајот на користењето на скијалиштето за скијање во тековната сезона на скијање, како и за секој прекин на работата на скијалиштето што трае подолго од три дена во текот на скијачката сезона.

Член 34

Користењето на скијалиштето за тренинг, натпревари, обука и други облици на скијачки активности можат да се вршат кога временските услови овозможуваат безбедно користење на услугите на скијалиштето.

Скијалиштето може да работи ноќе доколку постојат технички и временски услови и ако е обезбедена сигурноста на скијачите.

Член 35

Скијалиштето не може да се користи за тренинг, натпревари, обука, рекреативно скијање и други облици на скијачки активности во следните случаи

1) ако постои опасност од лавини;

2) за време на снежна виулица, дожд, магла поради кои е намалена видливоста и ветер што ја загрозува безбедноста на возењето, според видот на жичарата;

3) во случај на висок снег – свеж снег што не е набиен и на снег кој што поради нагло топење станал премногу мек, или ако патеката е заледена;

4) ако на патеките нема доволно снег;

5) ако безбедносните уреди и ознаки се толку оштетени така што не ја обезбедуваат сигурноста на скијачите или претставуваат опасност за нив, како и за време на работа на машините за набивање на снегот;

6) ако не функционира системот за врски на скијалиштето и

7) ако не е обезбедена редарска служба, спасувачка служба и служба за давање прва помош.

Член 36

Кога на скијалиштето ќе настанат околностите од членот 35 од овој закон скијачкиот центар е должен да ја прекине работата на скијалиштето или на дел од скијалиштето.

Прекинот на работата трае се додека траат околностите поради кои е воведен прекинот.

Доколку затворањето на ски патеките се врши во текот на денот, корисникот е должен да преземе контрола на возењето за да се осигури дека скијачите што се наоѓаат на патеката се оддалечат од загрозеното подрачје.

Скијачкиот центар е должен да ги објави, на погоден начин на влезот во скијалиштето, причините за привремениот прекин, односно забраната за користење на скијалиштето.

8. Спасувачка служба и служба за прва помош

Член 37

Скијачкиот центар ја обезбедува спасувачката служба самостојно или во соработка со соодветна федерација којашто е обучена за обезбедување прва помош на повредени односно загрозени скијачи на ски патеките и средствата и објектите на скијалиштето.

На скијалиштето мора да биде јасно и видливо означено седиштето на спасувачката служба.

Член 38

Спасувачката служба мора да има соодветен број на ангажирани спасувачи и да биде организирана така што е секогаш спремна за брзо дејствување за спасување (давање прва помош и брз транспорт) на скијачите кои што претрпеле несреќа на патеката или на нејзината заштитена зона.

Член 39

Мерките за спасување се преземаат исклучиво преку лица стручно оспособени за спасување (спасувачи), соодветно опремени и јасно означени.

Спасувачката служба задолжително има обучени екипи за спасување на скијачи од жичара.

Спасувачите при вршење на активности за спасување мора да имаат предност при користење на жичарите.

Член 40

Скијачкиот центар има право на надомест на трошоците за акции за спасување во висина на реално направените трошоци, освен ако потребата од спасување настанала поради пропуст во работата на скијачкиот центар.

Член 41

Скијачкиот центар воспоставува единствена спасувачка служба за целото скијалиште.

Спасувачката служба дејствува во рамките на скијалиштето.

Доколку во скијачкото подрачје каде што се наоѓа скијалиштето не функционира планинска спасувачка служба, скијачкиот центар е задолжен во границите на скијачкото подрачје да организира спасување на скијачите на кои им е потребна помош иако се наоѓаат надвор од границите на скијалиштето.

Скијачкиот центар во случајот одставот 3 од овој член, има право на надомест на предизвиканите трошоци од лицата на коишто им е дадена помош во висина на реално направените трошоци, освен ако потребата за спасување настанала поради пропуст во работата на скијачкиот центар.

Член 42

Спасувачката служба, односно спасувачите во случај на несреќа се должни да го утврдат идентитетот на лицата кои што учествувале во несреќата и да обезбедат докази врзани за предизвикувањето на несреќата, а во случај на настанување на смрт или тешка телесна повреда и неодложно да го известат Министерството за внатрешни работи.

Член 43

Опремата и средствата за спасување мора да бидат така распоредени на скијалиштето што се достапни во најкус можен рок и се сместени во видно означен простор.

Скијачкиот центар мора на скијалиштето да обезбеди соодветна опрема и простор за спасувачката служба и привремено задржување на повреден или ненадејно заболен скијач.

Скијачкиот центар е должен на скијалиштето постојано да одржува опрема и средства за спасување во исправна состојба.

Член 44

Скијачкиот центар го обезбедува давањето на итна медицинска помош. Скијачкиот центар го осигурува давањето на итна медицинска помош преку ангажирање на оспособени лица за давање прва помош, обезбедување на соодветен простор за прием на повредените и обезбедување на соодветна опрема и средства за давање итна медицинска помош.

Лицата што се ангажирани за давање итна медицинска помош мораат, за време на дежурството, да имаат на ракавот бела лента со црвен крст и мора да бидат опремени со уреди за комуникација.

На персоналот за итна медицинска помош мора да му биде обезбедена предност во користењето на жичарата, како и други предности поврзани со вршењето на нивната дејност.

Член 45

Скијачкиот центар е должен да води евиденција за незгоди на скијалиштето (идентитетот на жртвите на несреќата, времето, местото и околностите на несреќата) и за настанатите случаи на незгода да ги извести надлежните служби на министерството за внатрешни работи и министерството за здравство.

Член 46

Опремата и обележувањето на спасувачката служба, бројот на спасувачите и начинот на нивно оспособување од член 39 на овој закон, како и потребниот простор од член 44 од овој закон ги пропишува функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот.

## 9. Безбедност и ред на скијалиштето

### Член 47

Скијачкиот центар е должен видно да ги истакне правилата за ред на скијалиштето, цените за користење на уредите, опремата, просторот и услугите на скијалиштето, како и работното време на скијалиштето и жичарите како и да ги почитува истите во својата работа.

### Член 48

Скијачкиот центар е должен да има вработено лице со соодветна спортска стручна професија за водење сметка за безбедноста и редот на скијалиштето (шеф на патеките).

Ски патеките не можат да почнат да се користат во текот на денот доколку шефот на патеките не го одобрил тоа, врз основа на проценката дека се исполнети сите услови за безбедно користење на патеките.

### Член 49

Скијачкиот центар е должен за време на работа на скијалиштето, да обезбеди редарска служба која што мора да има соодветен број на редари за ефикасно да го осигури безбедното користење на скијалиштето (патроли, дежурни места и друго), во согласност со одредбите на овој закон и правилата за ред на скијалиштето.

Редарската служба може да ја врши лице кое што има завршено најмалку средно образование.

Бројот на ангажирани редари се одредува според конкретните околности на скијалиштето, а особено според очекуваната зачестеност на користење на патеките и бројот, тежината, големината и прегледноста на патеките.

Редарот е задолжен за време на вршење на редарската служба, да носи облека и ознаки коишто јасно го идентификуваат како редар.

Најмалку еден од службата на редарите мора да биде обучен за употреба на скии и моторни санки.

Функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот го пропишува начинот за стекнувањето на овластувањето за вршење на редарска работа, формата и содржината и начинот на издавање на редарската легитимација.

### Член 50

Во вршењето на своите должности, редарот е овластен:

1) привремено да ја прекине, до конечната одлука на шефот на патеките, употребата на скијалиштето или нејзин определен дел на кој што го одржува редот, ако постојат околности во коишто употребата на патеката не е дозволена;

2) да ги предупреди, односно да ги оддалечи од скијалиштето или дел од истото лицата кои што не се придржуваат до правилата утврдени со овој закон и со правилата за ред на скијалиштето, кои што не располагаат со исправна скијачка опрема, кои прават неред на појдовните станици на жичарите или се под дејство на алкохол или дрога;

3) да ги извести инспекциските служби доколку скијач или друг непосреден корисник на скијалиштето, при користењето на скијалиштето, не се придржува до утврдениот ред на скијалиштето и

4) да ја одземе, трајно или привремено, картата за возење со жичара на скијач или друго лице кое што и покрај предупредувањето на редарот, се

однесува спротивно на одредбите на овој закон, вози по удолници загрозени со лавина, не ги почитува знаците за забрана и упатствата, постапува спротивно на налозите на спасувачката служба или повторно ги крши утврдените правила на однесување на скијалиштето.

Кога скијач или друго лице на скијалиштето постапи спротивно со налозите на редарот или дава физички отпор, за истото без одложување се известува Министерството за внатрешни работи.

Член 51

Скијачите се должни да ги почитуваат правилата за ред на скијалиштето и упатствата и предупредувањата што им ги даваат редарите.

Скијачот е должен:

1) на патеката да се однесува на начин што не ги загрозува или повредува другите;

2) да вози внимателно и брзината и начинот на возење да ги прилагоди кон своето знаење и условите на патеката (опкружувањето) и делот на патеката, на временските и снежните прилики, како и на бројот на скијачи на патеката;

3) да одбере линија (правец, насока) на возење така што не ги загрозува скијачите кои возат пред него и да биде во можност благовремено да одбегне судир со било кое лице или објект пред себе;

4) да ги претекнува другите скијачи, било лево или десно, секогаш на такво растојание кое што им дава доволно простор за сите нивни покрети (движења);

5) кога сака да се вклучи во возењето на определена патека или кога, по сопирање на патеката, продолжува да вози, задолжително да се увери, со гледање над и под себе, дека може тоа да го направи без опасност за себеси и другите;

6) да не застанува ако тоа не е нужно (прекин на возењето) на тесни и непрегледни делови на патеката и во случај на пад, што е можно побрзо да ослободи простор;

7) во случај кога се качува, односно се враќа по патеката или кога се симнува пешки за движење да го користи исклучиво работ на патеката;

8) да не се качува по патеката пеш туку да ја користи жичарата;

9) да ги почитува поставените ознаки и сигнализација;

10) во случај на несреќа на патеката да даде помош на другите;

11) во случај на несреќа, без оглед дали е сведок или учесник, да ги даде своите податоци за идентификација на надлежната служба на скијачкиот центар (редарска или спасувачка);

12) да ги почитува упатствата на редарите;

13) да скија со исправна и соодветна опрема, а посебно да користи скии кои што се опремени со средства (везови и друго) кои можат да ја сопрат скијата во случај таа да се оддели од скијачот;

14) да не остава на патеката или да фрла на патеката предмети и материјали што можат да ја попречат или загрозат безбедноста на другите скијачи;

15) за скијање на скијалиштето да ја користи исклучиво маркираната патека, освен во случај на опасност;

16) ако скијалиштето се наоѓа во заштитено подрачје согласно закон да ги почитува правилата кои се за користењето на заштитеното подрачје утврдени, во согласност со законот, од правното лице кое што управува со заштитеното подрачје;

17) скијањето да го прилагоди на условите на патеката кога неповолни временски услови го зголемиле степенот на тежина на патеката и

18) доколку е на вораст до 14 години задолжително да носи заштитна спортска кацига.

Скијачот не смее:

1) да скија на скијалиште, односно патека која што е означена како затворена;

2) да уништува, отстранува, оштетува или на друг начин да ги загрозува поставените ознаки и сигнализација на скијалиштето;

3) да скија на патеката доколку е под дејство на алкохол, дрога или некој психоактивен лек, односно средство кое што негативно влијае на неговите способности;

4) да го напушти местото на судир со друг скијач пред да ги даде податоците за идентификација на редарската служба, освен во случај кога тоа е неопходно поради давање итна медицинска помош на повредениот, во кој случај по предавање на повредениот на медицинска грижа, ќе се јави на најблиската редарска служба на скијачкиот центар;

5) да скија наназад (назачки) и

6) да поставува било какви ознаки или да остава било какви работи (без надзор) на скијалиштето без дозвола на скијачкиот центар.

Лица со сноуборд, лица што се натпреваруваат и се учесници во други скијачки дисциплини се должни покрај мерките утврдени со ставот 2 од овој член, да преземат и други мерки кои што се соодветни на природата на конкретната зимска спортска активност, во согласност со соодветните меѓународни спортски активности (правилата на FIS).

Член 52

Пред почетокот на сезоната на скијање, скијачкиот центар е должен да го извести надлежниот орган за внатрешни работи за датумот на почнување на сезоната на скијање.

Кога скијачкиот центар во текот на сезоната на скијање очекува голем број на скијачи на скијалиштето, мора благовремено да го извести министерството за внатрешни работи и да побара дополнителна помош за одржување на редот на скијалиштето и регулирање на сообраќајот за доаѓање до и заминување од скијалиштето.

Член 53

Водачот на групата кој на скијалиштето носи организирана група на деца или скијачи почетници е должен да се грижи за нивното безбедно скијање. Пред почетокот на скијањето, водачот на групата мора да ги предупреди редарите за групата или почетниците на кои што редарите мора да обрнат посебно внимание.

Водачот на групата мора да ги исполнува налозите на редарите и да го прекине скијањето на групата или почетниците ако нивното скијање не е безбедно.

10. Организирање на спортски приредби

Член 54

На скијалиштето може да се организираат спортски приредби (натпревари, вклучувајќи тренинзи и манифестации) со согласност на скијачкиот центар, под услови и на начин утврден со овој закон, со законот кој што ја уредува областа на спортот, прописите донесени врз основа на овие закони, правилата на надлежната скијачка федерација и меѓународната скијачка федерација (FIS).

Организатор на спортска приредба, за време на спортската приредба ги има покрај правата и обврските утврдени за спортски приредби со прописите кои што ја уредуваат областа на спортот, спортските правила на надлежната спортска федерација и правата и обврските што се утврдени со овој закон за скијачки центар, ако со спогодба помеѓу скијачкиот центар и организаторот не е утврдено поинаку.

Член 55

На скијалиштето односно на неговиот дел на кој што се одржува натпревар или тренинг, пристап во текот на одржувањето на натпреварот може да имаат само натпреварувачите и службените лица на организаторот.

Пристапните патеки за гледачите мора да бидат уредени, видно обележани и оградени.

Организаторот на приредбата е должен, по завршетокот на приредбата и пред отворањето на скијалиштето за редовна употреба, да ги отстрани ознаките, уредите, реквизитите и другите предмети поставени со цел на одржување на приредбата.

Член 56

Скијачкиот центар е должен да го овозможи користењето на скијалиштето за организирање на скијачки натпревар од интерес за Републиката, кое што органот надлежен за работите на спортот го вклучило во програмата за меѓународни скијачки спортски активности и за време на одржување на натпреварот да го прилагоди режимот на работа на скијалиштето на потребите за натпреварувачки услови.

Користењето на скијалиштето од ставот 1 од овој член се уредува со договор помеѓу организаторот на приредбата и скијачкиот центар.

## 11. Подучување на скијање

Член 57

Спортски клуб или друго правно лице кое има решение за вршење дејност спорт и има добиено лиценца за ски школа согласно Законот за спорт, за реализација на програма за обука и тренинг на скијачи почетници или напредни скијачи може дава да ги обезбедува правно лице (во понатамошниот текст: училиште за скијање), со согласност на скијачкиот центар, кое што ги исполнува следниве услови:

1) да е регистрирано за вршење на дејности за спортско подучување;

2) да има соодветен простор на скијалиштето и соодветно место за собирање на почетници;

3) да има склучен договор за осигурување на корисниците на услугите за подучување од последици на незгоди и

4) да има ангажирано соодветни лица за непосредно подучување.

Со непосредно подучување може да се занимава само инструктор по скијање со важечка лиценца.

Инструктор по скијање мора за време на подучувањето, да носи ознаки и облека која што јасно го идентификува како лице кое што подучува скијање.

Училиште за скијање може да врши само оној вид на подучување и само за оние групи на ученици кои што одговараат на содржината на лиценцата што ја има инструкторот по скијање кој е ангажиран во училиштето.

Член 58

Училиште за скијање може да користи скијалиште за подучување на скијање на следниот начин:

1) да ги предупреди редарите на ски патеките за лицата што се подучуваат на патеката;

2) на своите ученици да им ги пренесе потребните знаења поврзани со техниката на скијање и правилата за однесување на скијалиштето;

3) пред почетокот на курсот да ги тестира учениците и да ги подели во хомогени групи според возраста, знаењето на скијање и физичките способности;

4) да даде итна медицинска помош на ученик во случај на потреба;

5) за време на подучувањето да има обезбедено прирачен комплет за прва помош и

6) неговите ученици да ги почитуваат обврските поврзани со однесувањето на патеката утврдени со овој закон и со правилата за ред на скијалиштето.

Член 59

Почетен курс (обука) на училиште за скијање може да се спроведува само на посебно уредени, издвоени и означени патеки или падини погодни за скијање.

Училиште за скијање може за обука на скијачите привремено да постави ски-лифт со влечно јаже под главата на скијачите или ски-лифт за влечење по трева, согласно овој закон и Законот за жичари и ски лифтови и по претходна писмена согласнот од Скијачкиот центар.

Член 60

Скијачкиот центар е должен да обезбеди рамноправни услови во поглед на користење на скијалиштата за сите училишта за скијање.

По исклучок од став 1 на овој член, Скијачкиот центар поради преголемиот број на скијачи на патеката (пополнет капацитет на патеката) заради обезбедување на сигурност на скијачите може да го ограничи користењето на ски патеките од страна на ски училиште.

Член 61

Спортски клубови исклучиво за своите членови и корисссници, како и образовни установи, државни органи и институции исклучиво за своите вработени можат да користат скијалиште за подучување на скијање.

Член 62

Инструктор по скијање може да се занимава со подучување на скијање на начин утврден во членовите 57, 58 и 59 на овој закон и со Законот за спорт.

Член 63

Странец инструктор по скијање може на скијалиштето да извршува непосредно подучување на скијање под услови утврдени во Законот за спорт и други законот кои се однесуваат за престој и работа на странци во Република Македонија.

## III. НАДЗОР

### Член 64

Надзор врз спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз истиот, како и другите прописи со кои што се уредува дејноста на скијалиштето, го врши органот надлежен за работите од областа на спортот.

Инспекцискиот надзор го вршат инспекторите за спорт.

### Член 65

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот за спорт е овластен:

1) да го контролира исполнувањето на условите за вршење на дејностите утврдени во членот 29 од овој закон;

2) да ги прегледува просторите и просториите во кои што се врши дејност и се обезбедуваат услуги на скијалиштето, договорите, евиденциите, исправите и другата документација потребна за утврдување на законитоста на работењето на скијачкиот центар, како и на другите правни лица кои вршат дејност на скијалиштето и

3) да контролира дали скијачите и другите лица го користат скијалиштето на пропишаниот начин и со соодветна опрема.

4) привремено да го забрани користењето на скијалиштето ако скијачкиот центар не ги исполнува условите утврдени со овој закон;

5) привремено да ја забрани работата на скијалиштето или дел од скијалиштето доколку настанат околностите од членот 35 од овој закон, а скијачкиот центар не ја прекинал работата на скијалиштето;

6) привремено да ја забрани работата на лице кое што не е регистрирано за вршење на дејности и обезбедување на услуги на скијалиштето или кое што врши дејност или обезбедува услуги спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот;

7) привремено да ги одземе евиденциите, документите и другите доказни средства од значај за утврдување на фактичката состојба и привремено да ги одземе предметите и средствата чија што употреба не е дозволена во рамките на спортот, како и предметите и средствата со кои се вршат недозволени активности;

8) да поднесе пријава до надлежниот орган за извршено кривично дело и да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка и

9) да преземе други мерки и активности за кои е овластен со законот.

Инспекторот со решение ќе го утврди времето на траење на привремената забрана за вршење на дејност, како и рокот во кој што лицата кои вршат дејности и ги обезбедуваат услугите утврдени со овој закон, се должни да ги отстранат недостатоците поради кои е изречена оваа мерка.

Против решението на инспекторот може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од 15 дена од поднесувањето на решението.

Жалбата поднесена против решението од ставот 4 од овој член не го одложува неговото извршување.

### Член 66

При вршењето на инспекциски надзор врз организирани скијачки спортски приредби и издавањето на лиценци за инструкторите по скијање, спортскиот инспектор е овластен да го наложи отстранувањето на утврдените неправилности и недостатоци во одреден рок и да го забрани

одржувањето на спортската приредба на скијалиштето ако не е обезбедено нејзино непречено и безбедно одржување.

Против решението на инспекторот за спорт од ставот 1 од овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од три дена од денот на прием на решението.

Жалба поднесена против решението од ставот 2 од овој член не го одложува неговото извршување.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 67

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар, ако:

1) не го направи скијалиштето достапно за сите корисници под исти услови (член 4 став 1);

2) не ја контролира општата состојба на скијалиштето и не го одржува во исправна состојба, односно во состојба која што овозможува наменско и безбедно користење на патеките (член 21 став 1);

3) не го уреди и опреми скијалиштето така што е безбедно за корисниците (член 29 став 1 точка 1);

4) на скијалиштето не обезбеди редарска служба, спасувачка служба и служба за итна медицинска помош (член 29 став 1 точки 2) до 4));

5) го користи скијалиштето спротивно на членот 35 од овој закон;

6) не ја прекине работата на скијалиштето или дел од истото, кога ќе настанат околностите од членот 36 од овој закон;

7) не овозможи користење на скијалиштето за организирање на скијачки натпревар (член 56);

8) го користи скијалиштето иако користењето е привремено забрането (член 65 став 2 точки 1) и 2));

9) одржува спортска приредба и покрај забрана (член 66);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице - скијачки центар односно одговорното лице во трговец поединец – скијачки центар.

### Член 68

Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар, ако:

1) дозволи вршење на специјализирани зимски спортски активности надвор од скијачките полигони (член 4 став 3);

2) отстапи од пропишаните услови за уредување на ски патеките (член 8);

3) не ги посебно обележи и не ги осигури опасните места на ски патеките (член 9 став 2);

4) не ги класификува и не ги обележи патеките според степенот на тежина (член 18);

5) ја дозволи употребата на моторни санки на ски патеките (член 26 став 2);

6) нема обезбеден систем на врски на скијалиштето со најблиската здравствена установа и надлежниот орган за внатрешни работи (член 29 точка 5);

7) на влезот во скијалиштето не ги објави на погоден начин причините за привремен прекин односно забрана за користење на скијалиштето (член 36 став 4);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице - скијачкиот центар односно одговорното лице во трговец поединец – скијачки центар.

Член 69

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар, ако:

1) употребува механизација за уредување на ски патеките за време на работа на жичарите и ски-лифтовите, а не преземе мерки за обезбедување на сигурноста на скијачите (член 27 ставови 1 и 2);

2) не пропише правила за ред на скијалиштето (член 29 став 1 точка 2);

3) не се придржува до утврдениот план за работа за сезоната на скијање (член 29 став 1 точка 8);

4) не ја распореди опремата и средствата за спасување така што се достапни во најкус можен рок и не ги смести на видно означен простор (член 43 став 1);

5) не обезбеди на скијалиштето соодветна опрема и простор за спасувачката служба и задржување на повреден или ненадејно заболен скијач (член 43 став 2);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице - скијачкиот центар односно одговорното лице во трговец поединец – скијачки центар.

Член 70

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар, ако:

1) не ги означи границите на скијалиштето на клучните места со ознаки коишто се видливи во услови на нормална видливост (член 19 став 1);

2) возилата за механизација за уредување на ски патеките не ги обои со упадлива боја и не ги опреми со соодветни светла (член 27 став 3);

3) не обезбеди следење на временската состојба во подрачјето каде што се наоѓаат скијалиштата (член 29 точка 6);

4) за подолги прекини со работа на скијалиштата не ја извести јавноста преку средствата за јавно информирање (член 33);

5) дозволи работа на скијалиштата ноќе, а за тоа не постојат технички и временски услови и не е обезбедена сигурноста на скијачите (член 34 став 2);

6) видно и јасно не го означи седиштето на спасувачката служба (член 37 став 2);

7) не ги истакне правилата за работа, работното време на скијалиштата и жичарите, цените за користење на уредите, опремата, просторот и услугите на скијалиштето и не се придржува до истите во работењето (член 47 став 1);

8) определи за шеф на патеките лице кое што не ги исполнува условите од членот 48 од овој закон;

9) редарската служба ја извршува лице кое што не ги исполнува условите од членот 49 од овој закон;

10) не ги извести надлежните органи за точниот почеток на сезоната на скијање (член 52 став 1);

11) организира спортска приредба на скијалиштето спротивно на одредбите од членот 54 од овој закон;

12) дозволи пристап до дел од скијалиштето каде што се одржува натпревар на лице коешто не е натпреварувач или службено лице на организаторот (член 55 став 1);

13) организаторот на приредбата не ги отстрани ознаките, уредите, реквизитите и другите предмети поставени поради одржувањето на приредбата (член 55 став 3);

14) обезбедува услуги за подучување на скијање спротивно со членот 57 од овој закон;

15) почетен курс на училиште за скијање се спроведува спротивно со членот 59 ставот 1 од овој закон и

16) инструкторот по скијање не ги исполнува пропишаните услови (член 62);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице - скијачки центар односно трговец поединец – скијачки центар ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице - скијачкиот центар односно одговорното лице во трговец поединец – скијачки центар.

Член 71

Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице ако:

1) шефот на патеките кој што спротивно на членот 48 ставот 2 од овој закон одобри користење на патеката иако не се исполнети сите услови за нејзино безбедно користење;

2) ако не постапи според налозите на редарите (член 50 став 1);

3) скијач ако со возењето ја загрози безбедноста на ски патеките (член 51 став 2 точка 2) и

4) скијач ако ги уништи, отстрани или оштети ознаките или сигнализацијата на скијалиштето (член 51 став 3 точка 2).

Член 72

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице ако:

1) користи моторни санки спротивно со членот 26 ставовите 2 и 3 од овој закон;

2) како водач на група на деца или скијачи почетници не го предупреди редарот за групата или не ги исполни налозите на редарот согласно членот 53 од овој закон и

3) работи како инструктор по скијање, а нема лиценца од надлежната спортска федерација (член 57 став 2 и член 62).

Член 73

Глоба во износ од 30 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице ако:

1) за време на извршување на редарска служба не носи облека и ознаки кои што јасно го идентификуваат како редар (член 49);

2) се однесува спротивно со одредбите на членовите 51 и 52 од овој закон и

3) како инструктор по скијање за време на подучување не носи ознаки и облека која што јасно го идентификува како лице кое што подучува скијање (член 57 став 3).

Член 74

Постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог

За прекршоците од член 67, 68, 69, 70 и 71 од овој закон, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена.

Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 2 на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 4 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 5 на овој член се чуваат пет години од денот навнесување во евиденцијата.

Функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 75

Постапка за порамнување со издавање на мандатен платен налог

Кога инспекторот ќе утврди дека е сторен прекршок од член 72 и 73 на овој закон на сторителот на прекршокот ќе му врачи мандатен платен налог согласно Законот за прекршоците.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата во рок од осум дена од врачувањето на мандатниот платен налог, истиот има сила на извршна исправа и инспекторот ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.

Инспекторот е должен да води евиденција за издадените мандатни платни налози и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 3 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката,

Личните податоци од ставот 4 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот ја пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог.

Член 76

За прекршоците утврдени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице односно трговецот поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој сила.

Подзаконските акти утврдени во член 74 и 75 од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 78

Скијачките центри ќе го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 79

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ –ЗАКОНОТ ЗА СКИЈАЛИШТА

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со Предлог - законот за скијалишта се пропишуваат условите за уредување, одржување, опремување и користење на скијалишта, правата и обврските на управувачите и корисниците на скијалиштата, обезбедување на услуги на скијалишта, обележување и поставување на сигнализација на скијалишта, користење на превозни средства на скијалишта, безбедност и ред на скијалиштата, подучување на скијалиштата, како и други прашања што се од значење за користење на скијалиштата.

Во глава I од Предлог - законот за скијалишта се пропишани основните одредби  од предлог законот, односно го содржи значењето на одделни изрази употребени во овој закон.

Глава II од Предлог - законот за скијалишта која гласи „Уредување, обележување, користење и безбедност на скијалиште“ содржи одредби за:

1. Уредување на скијалиштата (скијалиште се состои од една или повеќе ски патеки, ски полигони, скијачки патишта, ски-лифотви, жичари, инфраструктурна мрежа и објекти, сервисни објекти на скијалиштето, снежна и сервисна механизација, сервисни патишта, сопствени енергетски објекти, пристапни патишта и паркинзи на влезот во скијалиштето, објекти за вршење на дејности и друго).

2. Обележување (ски патеките се класифицираат и обележуваат според степенот на тежина, во зависност од својствата на подрачјето, односно површините преку кои се протега патеката).

3. Одржување (скијачкиот центар е задолжен, за целото времетраење на сезоната на скијање, односно за целото времетраење на употребата на скијалиштето, да ја контролира општата состојба на скијалиштето и да го одржува во исправна состојба, односно во состојба која што овозможува наменско и безбедно користење на патеката. Одржувањето на ски патеките опфаќа летно и зимско одржување.)

4. Сигнализација на скијалиштето (на скијалиштето мора да биде поставена соодветна сигнализација, така што истата нема да може лесно да се отстрани и да соодветствува на реалните околности на патеката).

5. Необезбедени патеки (во оваа точка од оваа глава е пропишано дека на диви ски патеки, необезбедени патеки и надвор од ски патеките, скијачите скијаат на сопствен ризик).

6. Превозни средства на скијалиштето (во оваа точка од оваа глава се регулира кои превозни средства може а кои не може да бидат присутни на скијалиштата).

7. Користење и работа на скијалиштето (во оваа точка од оваа глава се регулира условите за користење и работа на скијалиштето, односно скијачкиот центар се обврзува да има соодветни уреди, опреми согласно овој закон, да биде безбедно за користење, да има обезбедено спасувачка служба, давање на медицинска помош, да обезбеди систем на врски на скијалиштето, следење на временската состојба, да има план за работа, да утврди правила за корисрење на ски лифтовите, жичариите, ски патеките како и други услови пропишано во овој закон ).

8. Спасувачка служба и служба за прва помош (во оваа точка е пропишано дека скијачкиот центар ја обезбедува спасувачката служба самостојно или во соработка со соодветна федерација којашто е обучена за обезбедување прва помош на повредени односно загрозени скијачи на ски патеките и средствата и објектите на скијалиштето).

9. Безбедност и ред на скијалиштето (во оваа точка е пропишано дека Скијачкиот центар е должен да има редарска служба, шеф на патеките и при тоа во овој закон се пропишуваат обврските што треба да ги почитуваат скијачите при користењето на скијалиштето односно при скијањето).

10. Организирање на спортски пиредби (на скијалиштето може да се организираат спортски приредби (натпревари, вклучувајќи тренинзи и манифестации) со согласност на скијачкиот центар, под услови и на начин утврден со овој закон, со законот кој што ја уредува областа на спортот, прописите донесени врз основа на овие закони, правилата на надлежната скијачка федерација и меѓународната скијачка федерација (FIS)).

11. Подучување на скијање (оваа точка содржи одредби за тоа кој може да се регистрира како училиште за скијање, како и одредби за условите за користење на скијалиштето од страна на училиште за скијање).

Глава III од Предлог - законот за скијалишта се однесува на вршењето на надзорот над примената на овој закон и прописите кои произлегуваат од овој закон.

Глава IV од Предлог - законот за скијалишта се однесува на прекршочните одредби. Пропишана е постапка за порамнување со издавање на мандатен и прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоци. Со овој закон е пропишано дека надлежен орган за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција е прекршочен суд.

Последната глава V од Предлог - законот за скијалишта се однесува на преодните и завршните одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со Предлог - законот за скијалишта се пропишуваат условите за уредување, одржување, опремување и користење на скијалишта, правата и обврските на управувачите и корисниците на скијалиштата, обезбедување на услуги на скијалишта, обележување и поставување на сигнализација на скијалишта, користење на превозни средства на скијалишта, безбедност и ред на скијалиштата, подучување на скијалиштата, како и други прашања што се од значење за користење на скијалиштата.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог - законот за скијалишта ќе се овозможи да се надминат одредни слабости и недостатоци во работата на скијалиштата во Репбулика Македонија, односно законски ќе се пропишат условите за уредување, одржување, опремување и користење на скијалишта, правата и обврските на управувачите и корисниците на скијалиштата, обезбедување на услуги на скијалишта, обележување и поставување на сигнализација на скијалишта, користење на превозни средства на скијалишта, безбедност и ред на скијалиштата, подучување на скијалиштата, како и други прашања што се од значење за користење на скијалиштата.